SYMPOSION

25– 27 јануари 2023

СИМПОЗИОН: Тридневна интерактивна работилница во *Hotel Sunce Wellness & Spa*, Сокобања, Р. Србија

3 дена/2 ноќевања, автобуски превоз

Програма на патување

1 ден

25/01/2023 (Среда)

Собир на групата спроти влезот на катната гаража „Разловечко востание“, лоцирана на ул. Мирче Ацев (кај ГТЦ) во 06.30 ч. Поаѓање кон Сокобања во 07.00 часот. Пристигнување во Сокобања околу пладне. Сместување во хотелот (*Hotel Sunce Wellness & Spa 4**). Работна сесија од 13.00 до 14.30 ч. Слободно попладне. Вечера во хотелот. Ноќевање.

2 ден

26/01/2023 (Четврток)

Појадок. Работна сесија од 10.30 до 14.00 ч. со кафе-пауза. Слободно попладне. Организирана вечера во ресторан на „Зеленгора“, со можност за уживање во богато мени на традиционални специјалитети и музичка изведба на тамбураши. Ноќевање.

3 ден

27/01/2023 (Петок)

Појадок. Работна сесија од 10.00 до 13.30 ч. Одјавување од хотелот. Поаѓање кон Скопје. Пристигнување во Скопје во вечерните часови.

Во цената на аранжманот се вклучени следните услуги:

✓ Организиран превоз со автобус Скопје–Сокобања–Скопје
✓ 2 ноќевања во Сокобања на база на полупансион во *Hotel Sunce Wellness & Spa 4**
✓ Неограничено користење на *Wellness & Spa* центарот во хотелот, кој располага со следниве содржини: два затворени базени со хидромасажери, солена соба, три вида сауна (финска, био, софт), парна бања, калдариум, хидромасажна када за 6 лица, тропски туш, ладна соба, релакс соба со тепидаријум, тунел со изненадувања и др.)
✓Вечера со музика во ресторан „Зеленгора“
✓ Пратител на групата од Скопје и во текот на целото патување
✓ Координација и организација на патувањето и на целосната програма

SYMPOSION

Тип на соби:

1 кв – Двокреветна соба (француски кревет) 160x200 / за едно лице

2кв – Супериор Двокреветна соба (француски кревет180x200 + софа на извлекување 140x190)

Во цената не се вклучени следниве услуги:

✗ Патничко и здравствено осигурување, 200 мкд
✗ Услуги кои не се наведени во програмата
✗ Пијалоци за време на оброците

Напомена:

- За ова патување е потребен валиден биометриски пасош или лична карта.
- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 30 патници.
- За ова патување важат општите услови на патување на ТА Турист Сервис.
- Организатор на патувањето: ТА Турист Сервис, посредник: ТА Травел Туде.

TRAVEL TODAY ©